Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-269/3
05.05.2025 год.-viti
СКОПЈЕ SHKUP

Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ
СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qyetit - Shkup

# ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ СО ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2025-31.03.2025 ГОДИНА

# ВОВЕД

Во првиот квартал од годината, ЈП Градски Паркинг- Скопје оствари позитивен финансиски резултат – добивка на износ 17.948.894,00 денари.
Приходите заклучно 31.03.2025 година изнесуваат 81.674.148,00 денари.
Расходите се на износ 63.725.254,00 денари.
Составен дел на овој Извештај е Биланс на успех и Биланс на состојба.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 2025 ГОДИНА

| ПРИХОДИ – кл. 7 | 2025 година | 2024 година |
|---|---|---|
| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 74.639.147,00 | 72.025.292,00 |
| | | |
| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 6.479.474,00 | 7.105.085,00 |
| | | |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 551.070,00 | 561.733,00 |
| | | |
| ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 4.457,00 | 969,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **81.674.148,00** | **79.693.079,00** |

| РАСХОДИ – кл.4 | 2025 година | 2024 година |
|---|---|---|
| ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ | 3.614.592,00 | 4.814.445,00 |
| | | |
| ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | 11.330.115,00 | 12.294.740,00 |
| ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И | | |
| ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ | 43.562.971,00 | 44.735.731,00 |
| | | |
| ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА | 2.730.573,00 | 2.690.083,00 |
| | | |
| ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 2.425.961,00 | 2.414.167,00 |
| | | |
| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 54.978,00 | 18.362,00 |
| | | |
| ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 6.064,00 | 13.401,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **63.725.254,00** | **66.980.929,00** |

## *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

| ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА |
|---|---|---|
| | | |
| Вкупно приходи | 81.674.148,00 | 79.693.079,00 |
| Вкупно расходи | 63.725.254,00 | 66.980.929,00 |
| Добивка | 17.948.894,00 | 12.712.150,00 |

# *ПРИХОДИ*

Приходите за период 01.01- 31.03.2025 година изнесуваат 81.674.148,00 денари односно, како што следи:

- Сектор Јавни паркиралишта 74.639.147,00 ден.
- Сектор Пајак 6.479.474,00 ден.
- Останати приходи 551.070,00 ден.
- Финансиски приходи 4.457,00 ден.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Во рамки на Сектор Јавни паркиралишта реализирани се следните приходи:

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 2025 година | 2024 година | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. затворени паркинзи | 25.948.441,00 | 26.169.161,00 | -220.720,00 | 0,99 |
| 2.зонско паркирање | 39.854.635,00 | 36.182.368,00 | 3.672.267,00 | 1,10 |
| 3.катна гаража-Беко | 5.711.201,00 | 6.196.125,00 | -484.924,00 | 0,92 |
| 4.катна гаража-26-ти Јули | 3.124.870,00 | 3.477.638,00 | -352.768,00 | 0,90 |
| Вкупно приходи: | 74.639.147,00 | 72.025.292,00 | 2.613.855,00 | 1,04 |

Во споредба со минатата година, вкупните приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се зголемени севкупно за 2.613.855,00 денари .

Кај затворените паркинзи приходите се намалени за 220.720,00 денари.

Кај зонското паркирање бележиме зголемување на приходите за 3.672.267,00 денари. Најзначителен пораст на приходите во рамките на зонското паркирање бележиме кај приходите од издадени доплатни карти , следат приходи од претплати , смс и со QR-код. Намалување на приходите имаме единствено кај продажбата на греб картички.

Во спредба со истиот период од минатата година катната гаража „Беко" бележи намалување на приходите за 484.924,00 денари додека пак катната гаража „26-ти Јули" бележи намалување на приходите во споредба со минатата година за 352.768,00 денари.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК*

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 2025 година | 2024 година | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. дневен промет | 6.471.610,00 | 7.104.237,00 | -632.627,00 | 0,91 |
| 2.фактурирана услуга | 7.864,00 | 848,00 | 7.016,00 | 9,27 |
| Вкупно приходи : | 6.479.474,00 | 7.105.085,00 | -625.611,00 | 0,91 |

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 6.479.474,00 денари и е помал во споредба со минатата година за 625.611,00 денари. Во првиот квартал од годината наплатени се 3.738 возила односно 286 возила помалку во спордба со истиот период од минатата година кога се наплатени 4.024 возила.

Работата на сектор пајак во најголем дел е условена од соработката со МВР од причина што возилата се подигаат по налог на полиција. Постојат и други околоности кои влијаат на работењето на овој сектор како што се : соработка со комуналните инспектори, недоволната екипираност со вработени во однос на бројот на специјални возила со кои располага претпријатието, понатаму работењето е условено и од исправноста на возилата, временските услови итн.

## *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2025 година | 2024 година | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|
| од отпишани побарувања и обврски | 25.590,00 | 21.430,00 | 4.160,00 | 1,19 |
| од субвенции дадени во опрема | 367.902,00 | 367.902,00 | 0,00 | 1,00 |
| од наплатени судски трошоци | 72.606,00 | 29.650,00 | 42.956,00 | 2,45 |
| од наплата на штети | 17.200,00 | 93.079,00 | -75.879,00 | 0,18 |
| од др.надомест,вонред.приходи,мин.години | 67.772,00 | 49.672,00 | 18.100,00 | 1,36 |
| Вкупно приходи : | 551.070,00 | 561.733,00 | -10.663,00 | 0,98 |

Во првиот првиот квартал од годината остварени се останати приходи на износ 551.070,00 денари.

Истите произлегуваат од наплата на отпишани побарувања и обврски 25.590,00 денари; приходи од субвенции и донации дадени во опрема 367.902,00 денари евидентирани во

согласност со МСС стандарди; приходи од судски трошоци 72.606,00 денари приходи од наплата на штети 17.200,00 денари како и други приходи на износ 67.772,00 денари .
Во рамките на групата бележиме намалување на приходите од наплата на штети.

## *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходи по основ камата, позитивни курсни ралики и слично. Заклучно месец март бележиме приходи на износ 4.457,00 денари.

# *РАСХОДИ*

Расходите заклучно 31.03.2025 година се на износ 63.725.254,00 денари.

## *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

| опис | 2025 година | 2024 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Потрошни помош.материјали и с-ва за чистење** | 148.998,00 | 73.370,00 | 75.628,00 | 2,03 |
| **Канц.матер.,фискал.бар код ролни, чип и греб картички** | 444.127,00 | 827.350,00 | -383.223,00 | 0,54 |
| **ел.енергија,парно** | 1.972.899,00 | 1.364.983,00 | 607.916,00 | 1,45 |
| **гориво и масло за подмачкување** | 895.474,00 | 992.369,00 | -96.895,00 | 0,90 |
| **Отпис на сит.инвент.авто гуми во употреба и ХТЗ опрема** | 153.094,00 | 1.556.373,00 | -1.403.279,00 | 0,10 |
| **вкупно:** | **3.614.592,00** | **4.814.445,00** | **-1.199.853,00** | **0,75** |

Материјалните трошоци во првиот квартал од годината изнесуваат 3.614.592,00 денари. Оваа група на трошоци, споредена со минатата година, е помала во вкупен износ за 1.199.853,00 денари.
Во оваа група трошоци спаѓаат: потрошни- помошни материјали и средства за чистење 148.998,00 денари, канцелариски материјали, фискални ролни и бар код хатртија, чип и греб картички 444.127,00 денари, електрична енергија и парно 1.972.899,00 денари, гориво 895.474,00 денари како и трошокот за инвентар, автогуми и ХТЗ опрема 153.094,00 денари.
Од прегледот може да се забележи дека кај одделни трошоци имаме намалување кај некои зголемување. Трошокот за канцелариски материјални, фисклани и баркод картички и гребки ,горивото и отписот на инвентар,автогуми и ХТЗ опрема бележат намалување. Намалувањето на трошокот за ХТЗ опрема произлегува одтаму што ХТЗ опремата беше набавена и издадена во употреба во најголем дел минатата година. Трошокот за електрична енергија е поголем заради поскапување на цената на електричната енергија .

## *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

| опис | 2025 година | 2024 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Поштенски,телефонаки услуги и интернет** | 585.765,00 | 543.313,00 | 42.452,00 | 1,08 |
| **Услуги за тековно одржување** | 2.627.415,00 | 2.255.618,00 | 371.797,00 | 1,16 |
| **Услуги за изработка на инфо табли** | 0,00 | 636.006,00 | -636.006,00 | 0,00 |
| **Услуги за град.работи, бележење** | 0,00 | 601.767,00 | -601.767,00 | 0,00 |
| **Тршоци за наем,вложување во туѓ имот** | 605.320,00 | 648.758,00 | -43.438,00 | 0,93 |
| **Комунални услуги** | 1.681.735,00 | 1.759.854,00 | -78.119,00 | 0,96 |
| **Останати услуги** | 203.815,00 | 397.665,00 | -193.850,00 | 0,51 |
| **Останати непроизводствени услуги** | 5.626.065,00 | 5.244.539,00 | 381.526,00 | 1,07 |
| **Останати услуги - времени вработувања** | 0,00 | 207.220,00 | -207.220,00 | 0,00 |
| **вкупно:** | **11.330.115,00** | **12.294.740,00** | **-964.625,00** | **0,92** |

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, трошоци за изработка на информативни табли, наем, комунални услуги, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање како и трошок за времени вработувања.

Евидентирани се трошоци на износ 11.330.115,00 денари што во вкупен износ означува намалување на трошоците за 964.625,00 денари.

Зголемување на трошоците бележиме кај трошоците за поштенски услуги, телефнија и интернет.Понатаму кај трошоците за одржување на основните средства и инвентар, и кај непроизводствените услуги како резултат на зголемен промет кај услугите за зонско паркирање.

Кај сите останати трошпоци во групата бележиме одредено намалување при што во извештајниот период немаме трошоци за изработка на инфотабли , градежни работи и времени вработувања.

## *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

| опис | 2025 година | 2024 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| вкалкулирани плати | 43.038.406,00 | 44.207.731,00 | -1.169.325,00 | 0,97 |
| отпремнина | 84.018,00 | 159.342,00 | -75.324,00 | 0,53 |
| јуб.награди за 10 год.стаж | 206.199,00 | 212.400,00 | -6.201,00 | - |
| Помош на вработени | 234.348,00 | 156.258,00 | 78.090,00 | 1,50 |
| вкупно: | **43.562.971,00** | **44.735.731,00** | **-1.172.760,00** | **0,97** |

Трошокот за плати, надоместоци од плати и други трошоци изнесува 43.562.971,00 ден. и е помал во споредба со минатата година за 1.172.760,00 денари.

Заклучно месец март бројот на вработени во јавното претпријатие изнесува 246 лица. Бројот на вработени во истиот период минатата година изнесувал 259 лица.

Трошокот за плати варира како резултат на флуктуации на вработените по основ на користење боледувања, неплатени отсуства, отказ, пензионирање, надоместоци од плата согласно колективен договор заради што трошокот на плата соодветно се менува. Бележиме зголемување само кај трошокот за помош на вработени кој произлегува од исплата на надоместоци во случај на смрт на член на семејство или починат вработен како и помош за лекување на вработените

Во првиот квартал на годината исплатена е една отпремнини на износ 84.018,00 денари на вработен кој остварил право на старосна пензија. Надоместок за јубилејна награда за 10 години непрекинат стаж во претпријатието е исплатена на 9 вработени на износ од 206.199,00 денари со вклучен данок на личен доход а во согласност со колективен договор на претпријатието.

За помош на четворица вработени по основ смрт на член на семејство евидентиран е трошок на износ 174.348,00 денари ;помош за лекување на 2 вработени лица 60.000,00 денари.

## *АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 2.730.573,00 денари.

## ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ

| опис | 2025 година | 2024 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| др.надоместоци на вработени,обуки исл. | 10.667,00 | 43.600,00 | -32.933,00 | 0,24 |
| хонорари на управен и надзорен одбор | 413.337,00 | 466.671,00 | -53.334,00 | 0,89 |
| репрезентација | 19.958,00 | 64.148,00 | -44.190,00 | 0,31 |
| трошоци за осигурување | 372.861,00 | 325.932,00 | 46.929,00 | 1,14 |
| банкарски провизии | 231.415,00 | 203.064,00 | 28.351,00 | 1,14 |
| трош за ДДВ | 1.012.500,00 | 817.755,00 | 194.745,00 | 1,24 |
| користење права | 0,00 | 202.125,00 | -202.125,00 | 0,00 |
| Останати трошоци на работењето | 365.223,00 | 290.872,00 | 74.351,00 | 1,26 |
| вкупно: | 2.425.961,00 | 2.414.167,00 | 11.794,00 | 1,00 |

Во групата „останати трошоци на работење“ евидентирани се трошоци на износ 2.4125.961,00 денари. Ако се споредат со минатата година кога изнесувале 2.414.167,00 денари, се забележува зголемување во вкупен износ за 11.794,00 денари.

Во групата спаѓаат следните трошоци: надоместоци на вработените за обуки на износ 10.667,00 ден, надоместоци на органите на управување 413.337,00 денари, репрезентација 19.958,00 денари, осигурување 372.861,00 денари, банкарски провизии 231.415,00 денари, трошок за ДДВ 1.012.500,00 денари ; немаме трошоци за користење на права односно, набавка на лиценци за работа на компјутери – минатата година изнесувале 202.125,00 денари како и останати трошоци на работење-група во која евидентирани се трошоци во вкупен износ од 365.223,00 денари а во која спаѓаат трошоците за правно-адвокатски-нотарски услуги,административни такси, членарини, договор на дело,трошоци за огласување и претплата на весници и стручни списанија итн.

## ОСТАНАТИ РАСХОДИ

Во оваа група, евидентирани се трошоци во вкупен износ од 54.978,00 денари и истите се однесуваат на трошоци за одобренија по рекламации на износ од 23.286,00 денари како и дополнително утврдени трошоци од минати години на износ 31.692,00 денари.

## ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

Во рамки на финансиски расходи бележиме трошок на износ 6.064,00 денари кој отпаѓа на казнена камата за задоцнето плаќање на обврски по основ електрична енергија, ѓубретарина итн.

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 2025 ГОДИНА

| **АКТИВА** | **2025 година** | **2024 година** |
|---|---|---|
| | | |
| **1.ОСНОВНИ СРЕДСТВА** | 34.560.393,00 | 40.338.733,00 |
| **кл.00** | | |
| | | |
| **2.ЗАЛИХИ** | | |
| **кл.3** | 2.819.223,00 | 3.354.118,00 |
| | | |
| **3. ОБРТНИ СРЕДСТВА** | 129.642.387,00 | 93.241.840,00 |
| **кл.1** | | |
| | | |
| **4.АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА** | 411.764,00 | 442.029,00 |
| **кл.1 гр.19** | | |
| **ВКУПНО АКТИВА:** | **167.433.767,00** | **137.376.720,00** |

| **ПАСИВА** | **2025 година** | **2024 година** |
|---|---|---|
| **1. ЗАПИШАН КАПИТАЛ** | | |
| **Државен јавен капитал** | 153.052,00 | 153.052,00 |
| **Останат капитал** | 0 | 0 |
| | | |
| **2.Законски резерви** | 15.305,00 | 15.305,00 |
| | | |
| **3.АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА од претходни години** | 67.361.422,00 | 37.346.313,00 |
| | | |
| **4.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ДОБИВКА за прв квартал** | 17.948.893,00 | 12.712.150,00 |
| | | |
| **5. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** | 74.317.958,00 | 78.884.804,00 |
| **кл.2** | | |
| **6.Одложени плаќање на приходи и расходи** | 7.637.137,00 | 8.265.096,00 |
| **ВКУПНО ПАСИВА:** | **167.433.767,00** | **137.376.720,00** |

## *ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 31.03.2025 ГОДИНА*

ЈП Градски Паркинг – Скопје заклучно 31.03.2025 година располага со основни средства чија сегашна вредност изнесува 34.560.393 денари вклучувајќи ги и основните средства евидентирани во подготовка кои сеуште не се ставени во функција.

## *ЗАЛИХИ*

Вредноста на залихите изнесува 2.819.223,00 денари.

Од нив, 1.586.230,00 денари претставуваат залихи на суровини и материјали односно се однесува на следните ставки: „ад блу" течност за потребите на сектор пајак, лед цевки и лед светилки за осветлување, кружни четки за потребите на машините за чистење, канцелариски материјал и обрасци, чип и греб картички, рибони, репрезентативни средства за потребите на кујната, средства за чистење.

Залиха на ситен инвентар 435.125,00 денари се состои претежно од залиха на блокатори за потребите на зонско паркирање, канцелариски мебел, батерии за моторoли, полначи за ПДА уреди, паркинг клешти, алат,радијатори,панелна греалка,сет за прва помош итн.

ХТЗ опрема Претпријатието има на залиха во вредност од 797.868,00 денари и истата се состои од заштитни ракавици, летни пантолони, поло маици, одела за дожд, флуоросцентни елечиња, чевли,кабаница итн.

## *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 31.03.2025 година како и девизната сметка, благајна и виза картичка изнесува 106.153.479,00 денари.

Побарувањата од купувачите изнесуваат 22.308.286,00 денари. Нивна наплата се врши тековно во наредните пресметковни периоди.

Тужени побарувања има на износ 3.023.148,00 денари. Истите, во најголем износ произлегуваат од издадени доплатни карти заради неплатено зонско паркирање. Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во текот на 2012-та и 2013-та година се процесирани директно на нотар. Постапата за нивна наплата е во тек.

Евидентирани се и побарувања по основ повеќе платен персонален данок и придонеси од плата на вработен на износ од 15.280,00 денари.

Побарувањата од вработените се на износ 312.037,00 денари и во најголем дел се однесуваат на задолженија по основ ситни пари на паркинзи и паркомати , надминати телефонски лимити на службени телефони, исплатени надоместоци од плата, финансиски

кусок од дневен промет .Побарувања од осигурителна компанија на износ 10.000,00 денари.Побарувања од кредитни- дебитни картички на износ 344.969,00 денари се всушност тековните побарувања од деловната банка по основ на дневен промет процесиран по пат на пос терминал а чија наплата се врши редовно секој нареден работен ден.Побарување по основ платени аконтации за данок од добивка на износ 498.336,00ден.

## *АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА*

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци на износ 411.764,00 денари кои ќе се реализираат во наредните периоди. Станува збор за трошоци од платени такси на нотари и извршители 411.458,00 денари, претплата за радиофрекфенции 306,00 денари .

## *ОБВРСКИ*

Претпријатието нема долгорочни обврски.

По основ краткорочни обврски, претпријатието севкупно должи 74.317.958,00 денари. Од овој износ, 7.176.340,00 отпаѓа на обврски кон добавувачи,обврска за ДДВ за м.03 на износ 4.328.386,00 денари,обврска за данок од добивка по Годишна сметка за 2024 година на износ 2.652.769,00 денари; обврски за надоместоци на членови на управен и надзорен одбор на износ 137.779,00 обврска за дел од бруто плата на вработените за месец Март на износ 381.105,00 денари, обврски за аванси 1.372,00 денари ,обврски за данок од доход по основ на други лични примања, договор на дело и закуп кон физички лица на износ 69.771,00 ден. Во групата на краткорочни обврски најголем дел отпаѓа на обврската за комунална такса кон Град Скопје која изнесува 59.570.436,00 денари. На стартот на вториот квартал платена е дел од обврската за комунална такса од 2024 година на износ 6.416.916,00 денари.

## *ОДЛОЖЕНИ ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ*

Износот на оваа категорија е 7.637.137,00 денари.

По основ извршени плаќања за услуга паркирање, а кои се однесуваат за наредниот пресметковен период, бележиме износ од 4.041.526,00денари. Други одложени приходи по основ претплати имаме на износ 324.811,00 денари.

По основ субвенции и донации од основачот Град Скопје доделени во опрема и пари, наменски, за набавка на опрема, белжиме одложени приходи на износ 2.591.954,00 денари.

Износот од 678.846,00 денари се однесува на пресметани а неплатени услуги во нареден пресметковен период .Се работи за обврски за закуп за месец januari, февруари и месец март по основ договор за стопанисување со паркингот 8-ми Септември итн .

# ЗАКЛУЧОК

Согласно финансиските показатели претпријатието во прввиот квартал од годината односно за периодот 01.01.2025-31.03.2025 година оствари позитивен финансиски резултат - Добивка на износ од 17.948.894,00 денари.

Се настојува да се одржи стабилно ниво на приходите како од секторот јавни паркиралишта така и од сектор пајак иако забележливо е извесно намалување кај истите со исклучок на приходите од зонско паркирање кои бележат пораст. Понатаму се внимава на трошоците во работењето , се настојува навремено подмирување на тековните обврски кон добавувачите, даночните обврски, оврските кон вработените за плати и придонеси како и редовна наплата на побарувањата.

Во период што претстои планирани се отворање на нови зони кои очекуваме да го зголемат трошоците во работењето. Како ќе се одвива работата на претпријатието зависи од целокупните услови на стопанисување.

*ИЗРАБОТИЛ:*
Катерина Палитова

ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ
В.Д ДИРЕКТОР
Мартин Гаврилски

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-267/3
05 05 2025 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 27 став 3 од Законот за Јавни претпријатија(Сл.Весник на РМ 38/96,9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/1, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24 ), и член 38 од Статутот на ЈП Градски Паркинг-Скопје, Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП Градски Паркинг– Скопје, на седницата одржана на ден 05.05.2025 година го разгледа Тримесечниот извештај со показатели на финансиското работење на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период 01.01.2025 година - 31.03.2025 година и го достави следното:

# **М И С Л Е Њ Е**

за Тримесечниот извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период 01.01.2025 година - 31.03.2025 година

Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење дава позитивно мислење за Тримесечниот извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период 01.01.2025 година - 31.03.2025 година.

ЈП Градски Паркинг – Скопје
Скопје, 05.05.2025 година

НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА
НА МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Соња Ѓелевска Шетловска

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-269/3
05 05 2025 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 5 став 3, 4 и 5 од Законот за јавните претпријатија Сл.Весник на РМ 38/96,9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 274/22) и член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 05.05.2025 година ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Тримесечен Извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски паркинг-Скопје за период 01.01.2025 год. до 31.03.2025 год.**

***Член 1***

Предмет на оваа Одлука е усвојување на Тримесечен Извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски паркинг-Скопје за период 01.01.2025 год. до 31.03.2025 год.

Член 2

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до основачот и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

***Член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 05.05.2025 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Игор Кралевски